# ОКОЛУ КОМПЕТЕНЦИИТЕ НА УЧИТЕЛОТ

**Проф. д-р Виолета Николовска**[1]

**Апстракт:** Доброто и ефикасно образование колку што зависи од добрите програми (студиски и предметни), зависи во голема мера и од оној што треба тие програми да ги донесе во стварност, да ги реализира, а тоа е наставникот, учителот. Какви учители ни требаат за добро образование? Учители кои имаат знаење, имаат вештини да го пренесат тоа знаење и имаат добра комуникација со учениците. Што е тука мерливо?

Она што нас нѐ интересира во ова излагање е каков треба да биде еден добар учител од перспективата на неговите ученици.

**Клучни зборови**: ученик, учител, комуникација, добар учител

# ABOUT COMPETENCES OF A GOOD TEACHER

**Violeta Nikolovska, PhD associate professor**[2]

**Abstract:** A good and effective education depends on good curricula as well as on teacher, the person who should implement these curricula in the actual teaching. What quality should have a good teacher? A good teacher should have the knowledge and skills to give that knowledge to his students, as well as good communication with his students.

In this article we analyze qualities of a good teacher from the perspective of its students.

**Key words:** student, teacher, communication, good teacher

Доброто и ефикасно образование колку што зависи од добрите програми (студиски и предметни), зависи во голема мера и од оној што треба тие програми да ги донесе во стварност, да ги реализира, а тоа е наставникот, учителот. Какви учители ни требаат за добро образование? Учители кои имаат знаење, имаат вештини да го пренесат тоа знаење и имаат добра комуникација со учениците. Што е тука мерливо?

Стручноста, поврзана со научните ообласти со кои учителот треба да го збогати знаењето на учениците се стекнува во текот на неговото образование. Тоа е мерлива категорија, за тоа учителот во текот на своето образование добивал оценки. Во текот на образованието учителот се стекнува и со умеење тие содржини, соодветно на возраста на учениците, да им ги пренесе. И тоа е мерливо според оценките од дидактичко-методските група предмети. Комуникацијата со учениците се учи, но таа се

[1] *ДУ „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки.*
[2] *Goce Delchev University - Shtip, Faculty of Educational Sciences*

стекнува и како талент. Во текот на образованието, личноста на наставникот е „јаготката врз шлагот“, линкот меѓу научните содржини, она што треба учениците да го научат и самите ученици.

Она што нѐ интересира во ова излагање е каков треба да биде еден добар учител, од перспектива на неговите ученици. За таа цел, спроведовме една помала анкета меѓу студенти од прва година (17 студенти) која ги содржеше следниве прашања:

1. Што најмногу  ти се допадна кај твојот учител од прво до четврто одделение?
2. Што не ти се допадна кај твојот учител од прво до четврто одделение?
3. Каков треба да биде добриот учител?

Добивме многу интересни одговори. Одговорите на првото прашање остануваат во доменот на карактеристиките, психологијата на личноста на наставниокот, а тоа е она што е немерливо. Секако, постојат психолошки тестови за личноста, и тоа е она за што има интенции да влезе како критериум за избор на еден наставник во основното образование.

Еве некои од одговорите на првото прашање:

- Ми се допана тоа што беше многу добар и научив многу работи од него.
- Кај мојот учител ми се допаѓаше тоа што секогаш беше добар, учтив, полн со разбирање;
- Најмногу ми се допаѓаше тоа што беше добар кон нас учениците;
- Кај мојот учител најмногу ми се допадна тоа што постојано се грижеше за своите ученици, им објаснуваше како треба да се однесуваат во одредени ситуации и секогаш беше спремна да ти пружи помиш;
- Нјмногу ми се допаѓаше тоа што нѐ научи на многу работи, ни даде доволно знаење да продолжиме понатаму во животот;
- Мојот учител од прво до четврто. Тоа беше еден прекрасен мил човек, кој буквално според кажувањето (веројатно анкетираниот студент мислел според зборувањето, според она што учителот го зборувал) можеш да го засакаш како мајка. Се грижеше за нас, воспитно ни помагаше да се изградиме, ни помогна да научиме, а пред сѐ и да се сакаме како група. Се занимаваше со тоа кога некој од нас ќе се скара, па на мирен начин да се среди.
- На почетокот на училишниот пат се наоѓавме во таква просторија што всушност не знаевме каде сме, не знаевме што не очекува, но мојата учителка беше  таа што ни го покажа вистинскиот пат, што нѐ спои сите. За неа сите бевме исти, нѐ држеше сите заедно. Ја чувствувавме љубовта, топлината  која ни ја пружаше. Ми се допаѓа и тоа што ни го даде потребното знаење.
- Најмногу што ми се допаѓаше кај мојот учител е тоа што знаеше секоја наставна материја да ја објасни и да ја предаде на најлесен начин. Се трудеше да нѐ упати и да нѐ исправи на вистинскиот пат. Со нас беше како другар а не како учител.
- Тоа што се трудеше секој да научи.
- Беше добар, толерантен, во секаква ситуација гледаше што повеќе да го избере праведното.
- Кај мојот учител најмногу ми се допаѓаше тоа што беше добар, мирен, фин, културен и тоа што ни даваше знаење.
- Не доцнеше, остануваше со нас по работното време (работевме на нејасните задачи).

- Кај мојата учителка од прво до четврто одделение ми се допаѓаше тоа што секогаш беше расположена и вешта да ни помогне во сите задачи и работи кои не знаевме како сами да ги решиме. Ми се допаѓаше тоа што не правеше разлика помеѓу нас децата и што секогаш знаеше како да нè изведе на вистинскиот пат.
- Најмногу ми се допадна посветеноста на учениците.
- Кај мојата учителка најмногу ми се допаѓаше што таа беше трпелива без разлика на тоа што требаше по сто пати да повтори една иста работа додека да ја сфатиме суштината.
- Најмногу ми се допадна разбирањето кое учителката постојано го имаше кон нас учениците, љубезноста, меѓусебната почит која владееше меѓу нас учениците, а воедно беше пренесена и во почит и разбирање кон учителката.
- Најмногу ми се допадна пристапот кон учениците.

Што можеме да извлечеме како заклучок од одговорите? Повеќето од анкетираните студенти сакаат добар учител? Да се обидеме од одговорите да ја разоткриеме содржината на зборот „добар“. Учителот треба да е грижлив, полн со разбирање, да „ги изведува децата на вистинскиот пат“, да ги сплотува, да не прави разлики меѓу нив, да е совесен (да не доцни на часови, да објаснува и по работното време, да биде трпелив во објаснувањата), да е фин, мил, културен, но и праведен. На второ место доаѓа стручноста на учителот (да пренесува знаења) и неговите дидактичко-методички способности (наставна материја да ја објасни и да ја предаде на најлесен начин).

Она што е најважно, барем според нашата анкета се карактеристиките на личноста на учителот.

Во психологијата, се зборува за пет фактори според кои се анализира личноста (пет факторен модел): екстравертност (со цртите друштвеност, сигурност во себе, активност); допадливост (со цртите доверливост, сочувствителност / нежност, насмеаност); совесност (со цртата уредност), емоционална стабилност и отвореност за искуство (Larsen, R. J., Buss, D.M., 2008: 529-533). Според овој модел, учениците најмногу ја ценат допадливоста кај учителот, која, како што рековме се изразува преку овие црти: доверливост, сочувствителност / нежност, насмеаност. Ја ценат и совесноста на учителот и тука би можеле да ја споменеме и праведноста. Во рамките на друштвеноста како карактеристика на екстравертноста на личноста, според Ларсен и Бас, би можеле да ја вклучиме и особината на учителот да сплотува, да не ги дели децата. Секако, ова се вкрстува со праведноста како карактеристика на личноста.

Ларсен и Бас даваат и споредба на изразеноста на особините на личноста според овој петфакторен модел кај мажите и кај жените. Според овие истражувачи, жените предничат пред мажите во однос на друштвеноста како црта на екстравертноста (за сметка на тоа мажите се посигурни во себе и поактивни), и особено во однос на допадливоста (по сите нејзини црти: доверливост, нежност, сочувствителност, насмеаност). Во однос на совесноста разликите меѓу мажите и жените се незначителни. Оттука, многу логичное што среќаваме повеќе учителки одошто учители. Како во учителската професија да доминираат мајчински, женски црти. Многу индикативен во оваа смисла е одговорот што го добивме: „ Мојот учител од прво до четврто. Тоа беше еден прекрасен мил човек, кој буквално според кажувањето (веројатно анкетираниот студент мислел според зборувањето, според она што учителот го зборувал) можеш да го засакаш како мајка. Се грижеше за нас, воспитно ни помагаше да се изградиме, ни помогна да научиме, а пред сè и да се сакаме како група. Се

занимаваше со тоа кога некој од нас ќе се скара, па на мирен начин да се среди“. Сепак, треба да го земеме предвид и фактот дека модерните мажи и жени не се толку пртотипски устроени. Дека, според овој модел, имаме мажи со особини на личноста покарактеристични за жената, на пр. грижливи и сочувствителни и жени со особини на личноста покарактеристични за мажите – активни и сигурни во себе.

Второто прашање беше - Што не ви се допаѓаше кај вашиот учител. Овде одговорите беа пократки и поедноставни, но прецизни. Главно, се однесуваа на особината на личноста – совесност – со справедливоста како нејзина црта и на културата на учителот. Најдовме и пример за агресивност во однесувањето (што секако е недозволиво), која е на спротивниот крај од допадливоста. Да погледнеме некои од одговорите:

- Не ми се допадна тоа што некои ученици беа повеќе форсирани.
- Не ми се допаѓаше преголемата толеранција кон одредени ученици кои тоа не го заслужуваа.
- Кога доцневме, ни удираше шлаканица. Имаше свој омилен ученик, со него се однесуваше посебно.
- Повеќе им посветуваше внимание на учениците кои имаа подобар просек.
- Имаше и нешто што во тој момент не знаев јас дека не е добро, но кога ќе погледнам station наназад сфаќам дека не е – необраќање внимание на децата кои не беа заинтересирани за учење. Лесно е да рботиш со деца кои можат полесно да разберат од другите.
- Не ми се допаѓаше тоа што во класот владееше премногу поделба на децата од страна на учителката.
- Беше премногу строг кон учениците.
- Не ми се допаѓаше тоа што беше премногу принципиелен.
- Кај мојата учителка не ми се допаѓаше тоа што понекогаш беше престога и не дозволуваше да го докажеш своето објаснување.
- Не ми се допаѓаше тоа што кога го покажуввме нашето незнаење беше доста агресивен, строг.
- Не ми се допаѓаше тоа што понекогаш знаеше да задоцни на часовите.
- Не ми се допаѓаше тоа што понекогаш ни го повишуваше гласот ако нешто згрешевме, но сепак, тоа не е нешто многу лошо, сепак тоа е зза наше добро, за да си ја сфатиме грешката и наредниот пат да не грешиме.
- Кај мојот учител не ми се допаѓаше што понекогаш ги караше учениците, им даваше казни за домашно и понекогаш доцнеше на час и не знаеше да се однесува културно на моменти, особено кога беше лут или некој кога ќе го изнервираше.
- Тоа што секогаш попуштше на послабите ученици, а од друга страна страдаа подобрите.

За крај, да погледнеме како во прашњето под број три - Каков треба да биде добриот учител, нашите анкетирани студенти го резимираа добриот учител:

- Мојот учител треба да биде добар, но во одредени граници, да се залага да ги научи сите од нас, да нема делба; да ги решава проблемите кои ние сме ги направиле, ..., да се труди да соработува со учениците кои не можат да разберат, да нè сплоти како целина.
- Добриот учител треба да ги научи децата, да има доста знаење во неговата област. Да има разбирање за нив.
- Добриот учител треба да биде посветен на својата работа, своето знаење целосно да им го предаде на своите ученици и да изгради од нив добри личности.

- Добриот учител треба да биде трпелив, да биде со учениците не само учител, туку и пријател и да биде строг но до одредена граница.
- Добриот учител треба да биде токму како мојата учителка. Да биде внимателен со учениците, да дава знаење, да покажува љубов, трпение.
- Според мене, добриот учител треба да им пружи на своите ученици голема љубов и внимание, да им помага доколку се во неволја или пак имаат потреба од помош во училишните обврски, да ги сослушува што имаат да кажат и да им дели совети за тоа кои се добрите работи во животот и како треба да се однесуваат.
- Треба да биде трпелив, издржлив и да не прави разлики меѓу учениците.
- Треба да има разбирање, да воспоставува комуникација со учениците, да го пренесува своето знаење во најголема мера, да им помага кога се наоѓаат во тешка ситуација. Да се труди од секој ученик да прерасне здрава и полна со знаење индивидуа. Личност која ќе биде водилка на светот.
- Добриот учител треба да биде смирен, трпелив и секогаш да има разбирање за учениците, секогаш да се труди знаењето на учениците да им го пренесе на начин на кој тие се способни да го разберат, а не на некој висок, неразбирлив стил.
- Треба да се грижи за децата, да им подари знаење и да биде добар кон нив.
- Според мене, добар учител е секој учител што своите ученици ќе ги научи на добри дела и само на добри однесувања. Учител кој ќе направи учениците да го паметат и секогаш да им остане во сеќавање. Односно, добар учител е оној кој е строг во одредени ситуации, но секогаш милостив и насмеан во други.
- Учителот кон своите ученици секогаш треба да биде добар, да ги советува, да им дава на учениците знаење и да ги насочува кон добар пат во животот.
- Добриот учител пред сè треба да биде пријател со учениците, да биде трпелив, да ги исправува на вистинскиот пат, да им помага во сè што им е потребно.
- Да се однесува еднакво кон сите ученици, како што се слуша учителот, така да се слуша и ученикот кога ќе треба да каже нешто.
- Треба со сите ученици да се однесува исто; не треба да доцни на работа; Доколку доцни на работа да се најави, ние учениците да не го трошиме залудно времето; треба да биде соодветно облечен; треба да има свој личен став; треба на почетокот со учениците да биде построг, за да не се опуштат; треба на полесен начин да ги објаснува лекциите – редовно правење план на лекцијата; треба да се бори заедно со учениците за подобро знаење – не треба да се откаже доколку ученикот не сфатил од прв пат; не треба да ги малтретира учениците.
- Еден комплетен учител треба во секој момент да е наклонет на страната на учениците во рамките на дозволената граница, треба да има големо разбирање кон самите ученици, да успее да воспостави ред кај учениците кои постојано ќе го почитуваат и можните несогласувања кај учениците да ги доведе до најниско ниво.
- Учителот треба пред сè да ја сака својата професија.

Одговорите на прашањето „Каков треба да биде добриот учител“ претставуваат резиме на добрите особини што треба да ги поседува учителот (опфатени со прашањето „Што најмногу ти се допадна кај твојот учител од прво до четврто одделение?“) и лошите кои не треба да ги поседува (опфатени со прашањето „ Што не ти се допадна кај твојот учител од прво до четврто одделение?“). Интересно е тоа што анкетираните студенти сметаат дека покрај знаењето кое треба со умеење да им го предаде, добриот учител од нив треба да изгради добри личности, да им биде пријател и водич низ животните премрежја.

Во одговорите што ги добивме доминира воспитната компонента од образовниот процес.

На крај, ќе поставиме уште едно прашање, а тоа е како ние, како Факултет што образува наставници, да ги поттикнеме нашите студенти да го разберат ова и да го остварат. Еден од одговорите на ова прашање се соодветно изработените студиски и предметни програми, во кои ќе бидат застапени содржини што се однесуваат токму на овие прашања. Литературата секако треба да биде добро избрана[3] и тука секако е важен личниот пример. Знаењето се пренесува експлицитно и имплицитно преку личниот пример. Колку што ние ќе бидеме добри наставници, толку ќе ги изградиме во добри учители нашите ученици.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Белон, К. & Мињо, К. (2004). *Комуникација.* Тетово: ЈИЕ Универзитет, Логос-А.
2. Мирасчиева, С. (2005). *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот*. Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев“.
3. Larsen, J. R. & Buss, M. D. (2008). *Personality Psychology: Domains of Knowledge about Human Nature*. New York, NY: McGraw-Hill.


[3] Во оваа смисла ја препорачуваме книгата „Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште“, од С. Мирасчиева, (Мирасчиева, 2005).